## ЦЕЛИ НА РЕВИЗИЈАТА

Целта на ревизијата е да даде оценка за состојбата со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во РМ. Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде придонес кон откривање на состојбата со одземениот имот, слабостите, неправилностите, пропустите во процесот на управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во РМ, состојбата со човечките ресурси, финансиски средства, обезбедените обуки, како и активностите кои АУОИ и надлежните институции ги преземаат за ефикасно управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во РМ, согласно законска регулатива.
Од резултатите добиени со прелиминарните истражувања, информации и откриени ризици, собраната и анализирана документација возможно е да се постават повеќе суштински цели кои се предмет за ревизија на успешност, а од кои произлезе следната генерална цел:

**"Дали Агенцијата за управување со одземен имот располага со кадровски, финансиски, материјално - технички капацитети со цел остварување на законската надлежност за одземање, складирање, чување, управување, проценка, евиденција и продажба на одземениот имот во РМ"?**

Со ревизијата на успешност опфатени се следните области:

- Законска регулатива од областа;
- Формирање, организација, надлежност и функционирање на АУОИ;
- Кадровска екипираност, опременост, обука и финансирање;
- Координација и соработка помеѓу АУОИ и институциите вклучени во процесот за одземање имот/стока;
- Мерки за обезбедување и контрола на одземениот имот сместен во магацинските складишта на АУОИ;
- Процена и евиденцијата на целокупниот одземен имот за периодот 2009 – 2011 година од страна на АУОИ.

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде оценка за функционирање на АУОИ во спроведувањето на своите надлежности кои се однесуваат на управувањето, користењето и располагањето со привремено конфискуваниот имот, имотна корист и привремено одземените предмети како и конфискуван имот, имотна корист и одземените предмети со правосилна одлука во кривична и прекршочна постапка во РМ како и покриеноста на законската регулатива од областа, располагање со одземените предмети, складирање, чување, управување, проценка, евиденција отстапување и продажба на одземениот имот во РМ, со цел остварување на приходи во Буџетот на РМ и други отворени прашања од соодветната област за кои ревизијата најде за потребно да ја спроведе и прошири ревизијата на успешност преку креирање на соодветна ревизорска програма и план. Нашата ревизија беше насочена и кон оценка на: свесноста за ризиците во областа кај АУОИ и надлежните институции, алатки со кои се градат соодветни политики кај институциите кои се надлежни да ги исполнат поставените цели, поврзаност на преземените обврски во функција на исполнување на целите,



*Ревизорска екипа* *Овластен државен ревизор*
*1.*
*2.*
*3.*

нивото на функционирање на АУОИ заради ефикасно и ефективно управување со конфискуван имот имотна корист и одземени предмети и други отворени прашања кои ги имавме во текот на ревизијата. Како резултат од нашите истражувања искажани се состојбите во поглавјата Основни податоци и Ревизорски наоди. Со ревизијата на успешност опфатен е периодот 2009 – 2011 година со одредени области и прашања кои се однесуваат на настани пред 2009 година како и настани случени по завршување на ревизијата. Ревизијата на успешност која ја спроведе ревизорска екипа од Државниот завод за ревизија е извршена активност, планирана и спроведена согласно Годишната програма за работа на ДЗР за 2011 година.

Ревизијата на успешност е вршена со цел објективно презентирање на состојбите за активностите преземени од страна на АУОИ и другите релевантни институции за одземање на имот во РМ. Со оваа ревизија на успешност е опфатена област која до сега не била предмет на ревизија, а која претставува предмет од интерес на повеќе институции во РМ. Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се подетално објаснети во Прилог 1 - Опфат и методологија од овој извештај.



*Ревизорска екипа* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________

*2.* ____________ ____________

*3.* ____________